Уп. бр. 08-30

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од РВА Рајфајзен Варе Австрија Хандел унд Фермугенсфервалтунг еГен (RWA Raiffeisen Ware Austria Handel und Vermögensverwaltung eGen), со регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнојбург, Австрија, преку полномошник Љупка Новеска Андонова, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 12.03.2025 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која РВА Рајфајзен Варе Австрија Хандел унд Фермугенсфервалтунг еГен (RWA Raiffeisen Ware Austria Handel und Vermögensverwaltung eGen), со регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнојбург, Австрија ќе стекне самостојна контрола над РВА Рајфајзен Варе Австрија Акциенгезелшафт (RWA Raiffeisen Ware Austria Aktiengesellschaft), со регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнојбург, Австрија, вклучувајќи ги неговите зависни друштва, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 05.02.2025 година, а дополнето на 07.02.2025 до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од РВА Рајфајзен Варе Австрија Хандел унд Фермугенсфервалтунг еГен, со регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнојбург, Австрија, со која РВА Рајфајзен Варе Австрија Хандел унд Фермугенсфервалтунг еГен ќе стекне самостојна контрола, над РВА Рајфајзен Варе

Австрија Акциенгезелшафт, со регистрирано седиште на Рајфајзенштрасе 1, 2100 Корнојбург, Австрија, вклучувајќи ги неговите зависни друштва,

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

РВА Рајфајзен Варе Австрија Хандел унд Фермугенсфервалтунг еГен е земјоделска задруга која функционира како холдинг друштво. Не е самата активна економски и оттука, не остварува продажби.

РВА Рајфајзен Варе Австрија Акциенгезелшафт (или РВА Групата (RWA Group)) е конгломерат на друштва кои се занимаваат со производство, трговија и услуги, кој е претежно активен со трговија на големо во областа на купопродажба во земјоделскиот сектор на земјоделски производи, стоки (пр. семиња, пестициди, ѓубрива, добиточна храна), потрошувачки стоки (особено градежни материјали и производи за домот и градина), енергија како и земјоделска технологија и резервни делови. Дополнително, има систем на франшиза во областа на земјоделска технологија, како и за градежни материјали и пазарот за дом и градина (DIY).

РВА Групата нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија, но изминатата година остварила приходи во Северна Македонија од продажба на добиточна храна, особено концентрирана добиточна храна, адитиви за храна, храна за риби, и вообичаени земјоделски стоки, како што се семиња, средства за заштита на растенија, ѓубрива, итн.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**